ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ЕУ

Од настанот за прославување на

Ден на Европа 9ти Мај

На Денот На Европа, Поблиску До Европа

Спроведен од страна на *Фондацијата Фокус*
во соработка со ЕУ Инфо центарот во Скопје и
Европската Делегација

КОЈ /а/и?

- *Кој е претседател на Европскиот парламент?*
  Од Јануар 2012 година, Претседател на Европскиот парламент е Martin SCHULZ

- *Кои се главни институции на Европската Унија?*
  Институци на Европската Унија се:
  Советот на Европската Унија, Европската комисија, Европскиот парламент и Европскиот суд на правдата.

- *Кој е одговорен за прашањата за проширување на ЕУ?*
  Olli Rehn, член на Европската Комисија, одговорен за прашањата поврзани со ЕУ проширувањата.

- Колкав е бројот на вкупното европско население?
  Вкупниот број на население од 27 – те земји членки на Европската Унија изнесува *502, 519, 978*.
  Најбројна е Германија со -81,751 602;па Франција со - 65,048, 412; па Велика Британија со - 62, 435,709 популација.

- *Кои земји ја сочинуваат ЕУ?*
  ЕУ во моментов ја сочинуваат вкупно 27 држави: Белгија, Италија, Франција, Луксембург, Холандија, Германија, Данска, Ирска, Велика Британија, Грција, Австрија, Португалија, Шпанија, Финска, Шведска, Кипар, Чешка, Естонија, Литванија, Летонија, Словенија, Полска, Унгарија, Словачка, Малта, Бугарија и Романија.
  Од јули 2013 година Хрватска ќе стане новата 28-ма членка.

- *Кои биле првите земји што ја основале ЕУ?*
  Следните шест земји: Белгија, Германија, Франција, Италија, Луксембург и Холандијасе основачи на ЕУ (Договорот за основање

на Европска заедница за јаглен и челик - Париски договор,1951 година)

- *Кој е првиот претседател на Европскиот парламент?*
  Првата претседателка е Симон Веил, 17-20.07.1979

- *Кој ги поставува условите за членство?*
  Прием на нови членки се врши само когатие се само со едногласна согласност на демократски избраните влади на земјите-членки на ЕУ, кои заеднички настапуваат во Советот на министри или Европскиот совет. Тоа важи за секој стадиум од процесот. Кога една земја аплицира за пристапување кон ЕУ, владите на земјите-членки, кои се претставувани во Советот, одлучуваат–откако ќе добијат мислење од Комисијата – дали да се прифати апликацијата и на земјата да и се додели соодветен статус кандидатка за членство.

- *Која е најбогата ЕУ земја?*
  Луксембург, GDP (PPP): $79,649.49

- *Кои земји се стремат кон ЕУ ?*
  Турција е официјален кандидат за членство во ЕУ. Европските амбиции на Турција датираат од Договорите од Анкара од 1963. Турција требаше да започне прелиминарни преговори во октомври 2005. Сепак, аналитичарите веруваат дека најбрзо во 2015 Турција може да се надева на членство во ЕУ. Откако доби статус на кандидат за членство, Турција го подобри почитувањето на човековите права, ја укина смртната казна, му даде културни права на своето големо курдско малцинство и презеде позитивни чекори да го реши кипарското прашање.
  Хрватска моментално е држава канидидат за членство во ЕУ и единствена од трите кандидати која ги заврши успешно преговорите и од Јули 2013 ќе се стекне со статус членка на ЕУ.
  Македонија е официјално кандидат за членство во Европската Унија без датум за преговори во моментов. Датумот за преговори и

нивното започнување се одложени поради противењето на една од членките - Грција.

Исланд е потенцијална земја кандидат за членство во ЕУ која поднела апликација за истото. Голем дел од реформите кои треба една земја кандидат да ги усвои, Исланд ги има имплементирано и набрзо се очекува и официјално да го добие статусот земја-кандидат.

Норвешка, Сан Марино, Андора, Лихтенштајн, Ватикан, Монако и Швајцарија не се членки, но имаат посебни договори со ЕУ.

Многу членки на Европската асоцијација за слободна трговија се потписнички на Договорот за Европска економска област, што значи дека тие учествуваат во многу аспекти на единствениот европски пазар.

- *Кој е претседател на Европската Унија?*

Претседател на Европската Унија, може да се користи како референца за било кој од Претседателот на Европскиот совет; Претседателот на Европската комисија; Претседателството на Советот на Европската унија и Претседателот на Европскиот парламент.

Притоа не е назначено ниту едно лице кое претседава со Европската Унија во целина, туку се назначуваат претседатели на ЕУ институции! Помеѓу споменатите, најчесто го осврнуваат Претседателот на Европскиот совет како претседател на Европската унија (ЕУ) е тоа е многу честа но погрешна појава во меѓународните медиуми. Бидејќи претседателот претседава со Советот на Европа – како институција на ЕУ, а Не со Европската Унија како целина.

- *Кој е официјален јазик во ЕУ?*

Европската Унија нема единствен официјален јазик и сите 23 јазици кои се користат во земјите членки се користат и како официјални и работни јазици. Тие се: бугарски, чешки, дански, холандски, англиски, естонски, фински, француски, германски, грчки, унгарски, ирски, италијански, латвиски, литвански, малтешки, полски, португалски, романски, словачки, словенечки, шпански и шведски.

- *Кое е мотото на Европската Унија?*

Мотото на Европската унија е : *Обединети во различностите*, се појавува како официјално мото во 2000 година.

-Кога настанала ЕУ?

9 мај 1950 година се смета како датум на раѓање на Европската унија. На овој датум Роберт Шуман, францускиот министер за надворешни работи, прави важен говор истакнувајќи предлози врз основа на идеите на Жан Моне. Тој предлага Франција и Федерална Република Германија да ги здружат своите ресурси на јаглен и челик во една нова организација, кон која и другите европски земји може да се придружат.

- *Кога најмногу земји се примени како членки во ЕУ?*

Од кога се започнати проширувањата на Европската Унија, најголем број на нови земји–членки се примени во 2004 година, и тоаземјите:Кипар, Чешка, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Малта, Полска, Словачка и Словенија.

6 (шест) членки ја основаат Унијата 1957 (Белгија, Франција Германија, Италија Луксембург и Холандија)

По 3 (три) членки се примени во 1973 (Данска, Ирска и и Обединетото Кралство) и 1995 (Австрија и Финска и Шведска)

По 2 (две) членки се примени во 1986 (Португалија и Шпанија) и 2007 (Бугарија и Романија)

Грција се приклучи на ЕУ во 1986 и во јули 2013 Хрватска ќе стане 28-та членка на Унијата.

- *Кога Македонија ќе стане членка во ЕУ?*

Кога ќе ги исполни сите условипоставени од Европската Унија преку нејзините институции.

- *Кој го осмислил, дизајнирал официјалното знаме на ЕУ?*

  Официјалното знаме на ЕУ го дизајнирале Арсен Хајц и Пол Леви во 1955 година.

- *Која е иднината на Евро интеграцијата?*

  Не постои фиксиран краен резултат на процесот на интеграција. Интеграцијата и проширувањето на Европската унија се главни прашања во политиките на Европа и на национално и на локално ниво. Интеграцијата може биде во конфликт со националниот суверенитет и културниот идентитет, и на неа ѝ се спротивставуваат евроскептиците.

ШТО?

- *Што претставува Европската Унија?*

  ЕУ претставува структура која не спаѓа во ниту една друга традиционална правна категорија, нејзиниот политички систем е единствен и постојано се развива во период повеќе од 50 години Европската Унија (ЕУ) е наднационална и меѓувладина унија (заедница) на 27 земји-членки. Европската Унија е најголемата конфедерација на независни држави во светот.

- *Што е Европската Комисија?*

  Комисијата е една од главните институции на Европската унија, претставува извршно тело на Унијата. Комисијата ги претставува и поддржува интересите на ЕУ во целина. Комисијата изготвува предлози за нови европски закони, управува со активностите за спроведување на политиките на ЕУ и трошењето на средствата од фондовите на ЕУ.

- *Што работи претседателот на Европскиот парламент?*

  Претседателот на Европскиот парламент претседава со дебати и активности на Европскиот парламент. Тој исто така, го претставува Парламентот во рамките на ЕУ и на меѓународно ниво. Потписот на

претседателот е потребен за донесување на повеќето од законите на ЕУ и буџетот на ЕУ.

- *Значат ѕвездите на Европското знаме?*

  Европското знаме е симбол не само на Европската унија, но и на единството на Европа и идентитет во поширока смисла.
  Европскиот знаме се состои од 12 златни ѕвезди во круг на сина позадина. Ѕвездите ги симболизираат идеалите на единство, солидарност и хармонија меѓу народите на Европа.

  Бројот на ѕвезди нема никаква врска со бројот на земји-членки, иако кругот е симбол на единство.

- *Што е Шенген зона?*

  Шенген соработката, истовремено се нарекува пасошка унија на ЕУ што значи дека земјите кои учествуваат во неа немаат пасошка контрола при преминување на границите во рамките на шенгенското подрачје. Државјани на една шенген земја немаат потреба за пасош при патување во други шенген земји, доволно е да носат национална лична карта. Шенгенските одредби, исто така, предвидуваат и поблиска соработка и координација меѓу граничните и царинските власти, органите надлежни за издавање визи, судовите и полициите на земјите членки. Еден од главните инструменти за постигнување на оваа соработка е Schengen Information System, што претставува опширна база на податоци која им овозможува на овие власти да разменуваат информации од целиот шенгенски простор.

- *Што е потребно да се исполни за да се биде земја членка на ЕУ?*

  За да една држава да се приклучи кон Европската унија, таа држава треба да ги исполни економските и политичките услови кои се нарекуваат – Копенхашки критериуми (по самитот во Копенхаген во јуни 1993 година) кои предвидуваат:

стабилни институции кои ќе ги гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитувањето и заштитата на малцинствата;

функционална пазарна економија и капацитет за справување со притисокот на конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Унијата;

способност за преземање на обврските коишто ги носи членството во ЕУ, вклучувајќи и поддршка за целите на Унијата. Тие мораат да имаат јавна администрација која ќе биде способна да ги спроведува законите на ЕУ. Според Договорот од Мастрихт, секоја тековна земјачленка на Европската Унија како и Европскиот парламент мора да се согласат на било какво проширување.

Членство воедно ја претпоставува и способноста на кандидатот да ги преземе обврските од членството вклучувајќи и придржување кон целите на политичката, економската и монетарната унија.

- *Што треба да се направи за да започнат преговорите за членство?*

Во суштина процесот до отпочнувањето на преговорите е следниот-

По аплицирањето за членство, ЕУ одлучува дали ќе и додели кандидатски статус на земјата апликант и дали ќе отпочне преговори запристапување.

Преговорите се отвораат само ако земјата ги исполнува Копенхагенските политички и економски критериуми, иако последните не се пречка односно -„камен на сопнување“.

По оценката дека земјата ги исполнува Копенхагенските критериуми во Avis-то (Аналитичкиот извештај) на Европската комисија (ЕК) се препорачува на земјата да и се додели статус на кандидат и да се определи датум за отпочнување преговори.

- *Што претставува Европската Интеграција?*

Европска интеграција е процес на политичка, правна, економска (и во некои случаи социјална и културна) интеграција на држави кои се целосно или делумно во рамките на Европа. Во денешно време,

европската интеграција пред се се одвива преку Европската унија и Советот на Европа.

- *Што значи ЕУ за Македонија?*

  По прогласувањето на независноста во јануари 1991 година, Република Македонија го истакна членството во Европската унија како една од нејзините стратешки интереси. Остварувајќи ја оваа определба, Република Македонија се легитимира како партнер од доверба и сојузник на Европската унија, кој мина низа етапи во односите, приближувањето и интегрирањето на ЕУ. Како рамноправна членка во Европската Унија, Македонија би ги уживала сите придобивки кои досега ги уживаат официјалните земји - членки!Соработката на земјите членки се заснова на слободно движење на стоки, услуги, луѓе и капитал во рамките на ЕУ без ограничувања во вид на царини или други препреки(со цел ова да функционира, ЕУ го создаде Внатрешниот пазар). Земјите членки на Унијата соработуваат и во други области како: заштита на животната средина, земјоделството, борбата против организираниот криминал итн.

- *Што работат европските комесари?*

  Европската Комисијата е составена од колегиумот на 27-те членови на Комисијата, вклучувајќи го претседателот и потпретседателите. Комесарите, по еден од секоја земја во ЕУ, обезбедуваат политичкото раководство на Комисијата за време на 5-годишниот мандат. Секој комесар носи одговорност дадена од претседателот, за конкретни области на политиката.

Зошто?

- *Зошто започнало создавањето на Европската Унија?*

  На 9-ти мај 1950 година, Шумановата декларација предложи формирање на Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ) која стана реалност со Договорот од Париз потпишан на 18-ти април

1951 година. На тој начин се создаде заеднички пазар на јаглен и челик меѓу шесте земји основачи (Белгија, Федералната Република Германија, Франција, Италија, Луксембург и Холандија). Во време кога сé уште се чувствуваа последиците од Втората светска војна, целта на формирањето на ЕЗЈЧ беше да се обезбеди мир меѓу победените и поразените нации и истите да се сплотат во институционална структура преку која ќе соработуваат како еднакви партнери.На 25-ти март 1957 година, со потпишувањето на Римскиот договор, шесте земји одлучија да создадат Европска заедница за атомска енергија (Евратом) и Европска економска заедница (ЕЕЗ). ЕЕЗ е создадена со цел да се изгради заеднички пазар со голем асортиман на стоки и услуги. На 1-ви јули 1968
година, царините меѓу шесте земји беа целосно укинати, а во текот на 60-тите години започна и градењето на заедничките политики во областа на трговијата и земјоделството.

- *Зошто е донесен Лисабонскиот договор?*

Договорот од Лисабон (првично познат како Реформски договор) е меѓународна спогодба со која се изменуваат и дополнуваат двата договори кои ја сочинуваат уставната основа на Европската унија (ЕУ). Договорот од Лисабон беше потпишан од страна на земјите-членки на ЕУ на 13. Декември 2007 година, а стапи во сила на 1 Декември 2009 година. Ги изменува и дополнува Договорот за Европската Унија (ДЕУ, познат и како Договорот од Мастрихт) и Договорот за основање на Европската заедница (ТЕС, познат и како Договорот од Рим). Во овој процес Договорот од Рим беше преименуван во Договор за функционирањето на Европската унија (TFEU). Наведената цел на договорот е: „Да го заврши процесот започнат со Договорот од Амстердам [1997г.] и со Договорот од Ница [2001г.] со цел подобрување на ефикасноста и демократскиот легитимитет на Унијата и подобрување на доследноста на нејзиното дејствување.”

- *Зошто е воведено Еврото?*

  Еврото им овозможува на потрошувачите во Европа значителни предности. Патниците се поштедени од трошоците и маката при менувањето валути. Продавачите можат директно да ги споредат цените во различни земји. Цените се стабилни благодарение на Европската централна банка, чија работа е да ја одржува таа стабилност. Исто така, еврото стана посилна резервна валута заедно со американскиот долар. За време на финансиската криза од 2008 година, заедничката валута ги заштити земјите од еврозоната од конкурентната девалвација.

- *Зошто за влез во некои ЕУ земји е потребно виза?*

  Тоа е предмет на визната политика на ЕУ. Европската унија има договори за безвизен режим со некои од европските земји кои не се членки на ЕУ, а со други земји дискутира за ваквите договори (како Русија, Украина, Молдавија, Босна и Албанија). Исто така се дискутира прашањето во однос на Турција, Ирска и Обединетото Кралство кои одржуваат независни визни политики во ЕУ.

- *Зошто НЕ не примаат во ЕУ?*

  Македонија аплицирала за членство во ЕУ на 22 март 2004 година. На 9 ноември 2005 година, Европската комисија на Македонија решила да и додели статус на кандидат. Така, на 17 декември 2005 Претседателството на Европскиот совет во Брисел на Македонија и доделила статус на кандидат за членство во Европската Унија.

  Сепак, датум за започнување на преговори со ЕУ Република Македонија сè уште не добила.

  Можеби најголемиот ќе го искористи своето право да го блокира пристапот без претходно да биде најдено решение, односно изјавува дека ќе употреби вето,исто како што го употребила при блокадата на земјата за влез во НАТО пактот. Други позначајни тешкотии со кои се соочува Република Македонија е постигнување на европските стандарди на владеење на правото и економијата.проблем на земјата околу започнувањето на преговори со ЕУ е спорот со името со соседна Грција. Грција го отфрла името

Македонија бидејќи според неа, тоа имплицирало територијални амбиции кон сопствената територија на Грција односно северниот дел на провинцијата Македонија. Поради тоа, ЕУ земјата ја нарекува "Поранешна Југословенска Република Македонија" (ФИРОМ). Решавањето на проблемот со името станало услов за пристапување кон унијата. Грција, постојано потврдува дека

- *Зошто мора Македонија да влезе во ЕУ?*

  Ниту една држава не се приморува да се приклучи кон ЕУ. Секое зачленување се остварува со јасно изразена волја на граѓаните на референдум.

- *Зошто се прославува ЕУ Денот на 9 ти Мај?*

  Затоа што 9ти Мај, 1950 година се смета како датум на создавање на Европската унија. Во Европа, Денот на Европа е годишна прослава на мирот и единството во Европа. Постојат две одделни ознаки Денот на Европа: 5 мај за Советот на Европа, и 9 мај за Европската унија. Исто така ЕУ Денот е исто така познат и како Шуманов Ден, во сеќавање на историската декларација од страна на француски министер за надворешни работи Роберт Шуман, кој се смета за основач на Европската Унија.

- *Зошто е дозволено вето, од само едена земја членка?*

  Затоа што за каква и да е било крајна одлука за приклучување на некоја земја кон Европската Унија, потребно е *едногласна одлука* (консензус) од секоја тековна земја членка на Европската Унија како и Европскиот парламент.

Како?

- *Како е основана Европската Унија?*

  Официјално, ЕУ е основана во 1993 година со Договорот од Мастрихт врз темелите на претходната Европска економска заедница.

- *Како функционира Европскиот Парламент?*

  Европскиот Парламенте единствено директно избрано тело во Европската унија, една од главните институции на ЕУ за усвојување на законодавството, заедно со Советот. Работата на Европскиот парламент е важна бидејќи во многу области, одлуките за новите европски закони се донесуваат заеднички од Парламентот и Советот на министри кои ги претставуваат земјите-членки на Унијата.

  Европскиот парламент има три важни улоги:да води расправа и да ги усвојува европските закони,да врши надзор над другите европски институции со цел да обезбеди дека работат демократски,

  да расправа и да го усвојува буџетот на ЕУ, заедно со Советот.

- *Како се бираат комесарите во ЕУ?*

  Секој европски комесар е назначен за одредена политика на ЕУ од страна на Претседателот на Комисијата кој се предлага од страна на Европскиот совет. Назначувањето на сите комесари, вклучително и претседателот на Комисијата е предмет на одобрување на Европскиот парламент кој има надлежност да ја распушти Комисијата.

- *Како работи Европскиот суд?*

  Судот на правдата ја претставува судската власт на Европската унија. Во соработка со судовите на земјите-членки обезбедува единствена примена и толкување на правото на ЕУ. Судот го толкува правото на ЕУ со цел да се обезбеди негова еднаква примена во сите земји членки. Судот исто така ги решава правните спорови меѓу владите на ЕУ и институциите на Унијата. Поединци, компании или организации, исто така можат да покренат случаи пред Судот, доколку сметаат дека нивните права биле повредени од страна на некоја од институциите на ЕУ.

- *Како се бара дозвола за работа во ЕУ?*

  Секоја ЕУ земја посебно го регулира вработувањето и работните односи на државјаните кои доаѓаат од земји кои не се членки

Европската Унија. Притоа, потребно е да се издадат работни дозволи, за чие добивање, потребно е старанката да се обрати во амбасадата или конзулатот на земјата во која го бараат вработувањето, или “јавната служба за вработување” или т.н “советник за Европски вработувања” во онаа земја во која сакаат да работат, и да добијат детални информации и инструкции, за процесот кон пристапување на пазарот на трудот, во дадената земја.

- *Како се станува земја- корисник на ЕВРОТО како валута?*

За да ѝ се приклучат на евро-зоната, сите земји-членки мораат да ги исполнат долунаведените пет критериуми за конвергенција:

стабилност на цените: стапката на инфлација не смее да биде повисока од 1.5% од просечните стапки на инфлација во трите земји-членки со најниска инфлација.

каматни стапки: долгорочните каматни стапки не смеат да варираат повеќе од 2% во однос на просечните каматни стапки на трите земји-членки со најниски каматни стапки.

дефицит: националниот буџетски дефицит мора да биде под 3% од БДП.

јавен долг: јавниот долг не смее да изнесува повеќе од 60% од БДП.

стабилност на девизниот курс: девизниот курс мора да остане во рамките на дозволената граница на флуктуирање за претходните две години.

- *Како се донесуваат одлуките на Советот на Европа?*

Одлуките на Советот на ЕУ се донесуваат со квалификувано мнозинство, како општо правило. Квалификувано мнозинство се постигнува кога има мнозинство од земјите членки на ЕУ (понекогаш и 2/3) кои гласаат за предлогот или најмалку 255 гласа од вкупниот број, односно 345 гласови. Од 2014 година ќе биде воведен систем на "двојно мнозинство". За да биде прифатен одреден предлог ќе треба да се обезбедат два вида на мнозинство: мнозинство на земји (најмалку 15) и мнозинство на гласови од вкупното население на ЕУ

(државите мора да претставуваат најмалку 65% од населението на ЕУ).

- *Како се станува земја - член во ЕУ?*

  Во членот 49 од Договорот за Европската Унија се наведува дека *секоја европска земја може да аплицира за членство*, доколку се почитуваат принципите на слобода, демократија, почитување на човековите права и основни слободи и владеење на правото.

  Една земја може да стане членка ако ги исполнува сите критериуми за пристапување, како што беше дефинирано од Европскиот Совет во Копенхаген во 1993, и тоа беше зајакнато во 1995. Секоја држава која сака да стане полноправна членка на Европската унија, својата намера ја изразува со поднесување на барање за членство кое го предава на Советот на Европската унија. Советот ја задолжува Европската комисија да ја процени способноста за исполнување на критериумите и условите за пристапување на земјата кон ЕУ.

Кога?

- *Кога е формиран и одржан првиот Европски совет?*

  Европскиот совет е формиран во 1974 година со цел да се воспостави неформален форум за дискусија меѓу шефовите на држави и претседатели на влади. Во 1992 година Советот стекна формален статус, со Договорот од Мастрихт беше дефинирана неговата функција - движечка сила на Унијата и определување на генерални политички насоки за нејзиниот развој.

- *Кога за прв пат е воведен терминот "Европска Унија"*

  01.11.1993 Стапува во сила Договорот за Европска унија, потпишан во Мастрихт. Со овој договор се поставуваат темелите на заедничката надворешна и безбедносна политика, основите за поблиска соработка во областа на правдата и внатрешните работи и за создавање на економска и монетарна унија со единствена валута.

Називот "Европска унија" службено го заменува дотогашниот назив "Европска заедница".

- *Кога е воведено еврото?*

  На 01.01.2002 Еврото се воведува во 12 држави од ЕУ

- *Кога било првото проширување на ЕУ?*

  01.01.1973 Прво проширување на Заедницата. Данска, Ирска и Обединетото Кралство се придружуваат на Европските заедници.

- *Грција станала членка на ЕУ?*

  01.01.1981 Грција пристапува како десетта земја членка на Европската Унија

- *Како некоја земја, официјално добива членство во ЕУ?*

  По потпишувањето на Договорот за пристапување, земјата која пристапува започнува со активности во работните тела на Советот на Европската унија и на Европскиот парламент како набљудувач. Кога Договорот ќе стапи на сила,односно ќе заврши процесот на ратификација, земјата пристапничка кон Унијата на одреден датум стапува во членство на Унијата.